# ПРАВО НА ЗАШТИТА И ПОМОШ ЗА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

СЕПТЕМВРИ 2013

ЗАКОНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВО АВСТРИЈА

mazedonisch

## ЗАКОНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВО АВСТРИЈА

На 1. Мај 1997 во Австрија стапи во сила Сојузниот закон за заштита од насилство во семејството. „Вториот Закон за заштита од насилство" (2009) донесе, после многубројни промени, понатамошни подобрувања за заштита и за поддршка на жртвите. Последната новела стапи во сила на есен 2013. година и постави мерки за проширување на заштита за деца кои се погодени од насилство. Законите опфаќаат полициска и цивилна заштита, казнено правни мерки како и права на жртвата. Заштита од насилство добива секое лице кое престојува во Австрија независно од потеклото и државјанството.

## ПОЛИЦИСКА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО

### ОТСТРАНУВАЊЕ И ЗАБРАНА ЗА ВЛЕЗ СПОРЕД ЧЛЕН 38А ОД БЕЗБЕДНОСНИОТ ПОЛИЦИСКИ ЗАКОН (СПГ)

### ЗАБРАНА ЗА ВЛЕЗ СПОРЕД ЧЛЕН 38А ОД БЕЗБЕДНОСНИОТ ПОЛИЦИСКИ ЗАКОН (СПГ)

Ако Вие или Вашето дете во Вашата семејна околина сте жртви на телесно, психичко или полово насилство, или ако сте постојано следени и напаѓани (Сталкинг), треба да се обратите на институција за помош (видете ги адресите на страна 12).

**Ако се заканува акутно насилство треба веднаш да се јавите во полиција (итен број 133 или 112; на итните броеви можете да се јавите од мобилен телефон и ако немате кредит!)**

Полицијата е обврзана брзо да реагира во секој случај на насилство. Таа има задача, лицето кое врши насилство веднаш да го одстрани од станот за да може жртвата да остане во станот и таму да биде заштитена.

### КОј ДОБИВА ЗАШТИТА ПРЕКУ ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ?

Секое лице има право, во своето станбено подрачје да живее без насилство и добива заштита од законот.

### КОЛКУ ДОЛГО ТРАЕ ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ?

Забраната за влез важи 2 недели. Ако потоа Ви е потребна повторно заштита, кај окружниот суд за седиштето на Вашиот стан можете да поднесете барање за привремено решение. Со тоа забраната за влез се продолжува на 4 недели. Дополнително можете да добиете

подолгорочна заштита со привременото решение (види дел „Привремено решение“ страна 4).

## ДАЛИ СОПСТВЕНИЧКИТЕ ОДНОСИ ИГРААТ УЛОГА ЗА ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ?

Не, не игра улога на кого му припаѓа станот или куќата. Полицијата може да одстрани секое лице од кое потекнува опасност – и сопственикот.

## ЗА КОИ ПОДРАЧЈА ВАЖИ ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ?

Забраната за влез важи за станот / куќата како и за непосредната околина на зградата. Полицијата треба да го утврди просторното подрачје на заштита во поединечниот случај и да му го соопшти на лицето кое ја извршува опасноста.

## ЗАШТИТА НА ДЕЦА И МЛАДИ

Ако се погодени деца помлади од 14 години од насилство забраната за влез може да обфаќа и школи или други институции кои се задолжени за брига на децата. Лицето кое е извршител на опасноста обавезно е да држи одстојание од 50 метри до наведените институции. Полициата ке ги обавести водителите од градинката, школата или послешколската брига околу забраната за влез.

## ОДЗЕМАЊЕ НА КЛУЧЕВИТЕ

Полицијата мора веднаш да ги одземе сите клучеви од станот од лицето од кое потекнува опасноста. Ако се бара привремено решение, полицијата го предава клучот на надлежниот окружен суд.

## ШТО СМЕЕ ДА ЗЕМЕ СО СЕБЕ ЛИЦЕТО КОЕ Е ОДСТРАНЕТО ОД СТАНОТ?

Лицето кое е одстрането може да ги земе со себе само итно потребните предмети за лична потреба (нпр. лични документи и предмети, облека).

## ШТО СЕ СЛУЧУВА АКО ЛИЦЕТО ОД КОЕ ПОТЕКНУВА ОПАСНОСТА НЕ СИ ОДИ ДОБРОВОЛНО?

Во овој случај полицијата може да примени сила на принуда.

## ДАЛИ ЛИЦЕТО КОЕ Е ОДСТРАНЕТО СМЕЕ ДА СЕ ВРАТИ КОГА ПОВТОРНО ЌЕ СЕ СМИРИ?

Не. Се додека забраната за влез е на сила, лицето кое е одстрането не смее да се врати, може да биде казнето за тоа. Според тоа за сите е препорачливо да се придржуваат на тоа.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА АКО ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ НЕ СЕ ПОЧИТУВА?

Ако лицето кое предизвикува опсносност и покрај забраната за влез дојде во станот или неговата околина, веднаш треба да ја повикате полицијата. Непочитување на забраната за влез се казнува (до 500,– евра по влез). Во случај на повторување, лицето кое предизвикува опасност може дури да биде осудено на затворска казна.

## ДАЛИ ПОЛИЦИСКАТА ЗАБРАНА ЗА ВЛЕЗ МОЖЕ ДА БИДЕ УКИНАТО ПРЕД ИСТЕКОТ НА 2 НЕДЕЛИ?

Забрана за влез може да биде укината само од страна на надлежната служба. Ова сепак е редок случај. Ако се укине забрана за влез, жртвата мора веднаш да биде известена.

## ДАЛИ СЕ КОНТРОЛИРА ПРИДРЖУВАЊЕТО КОН ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ?

Да. Придржувањето кон забраната за влез се контролира од полицијата минимум еднаш.

## ДАЛИ ЗАБРАНАТА ЗА ВЛЕЗ Е ОБВРЗНА НА МЕСТОТО НА ИНТЕРВЕНЦИјА?

Не. Овие мерки можат да бидат изречени ако жртвата по еден случај се обрати на полицијата и ако постои страв од понатамошно насилство.

## ОБВРСКИ ЗА ИНФОРМАЦИИ И ДОКУМЕНТАЦИјА

Полицијата мора да им предаде на жртвите информациона листа, во која се информира за можноста да се поднесе барање за привремено решение.

И лицето кое предизвикува опасност добива информативна листа. Истата содржи напатствија дека непочитувањето на забрана за влез се казнува, како и информации за можностите за сместување.

Полицијата треба точно да документира секој ангажман при насилство во семејството и во случај на барање за привремено решение да поднесе извештај до судот.

## БЕСПЛАТНО СОВЕТУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРВЕНЦИОНИ ЕДИНИЦИ И ЦЕНТРИ ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО

Во случај на **забраната за влез** ќе бидете контактирани од интервенционата единица, односно од центарот за заштита од насилство на Вашата сојузна покраина кои нудат бесплатно советување и следење.

## ПОДОЛГОРОЧНА ЗАШТИТА СО ПРИВРЕМЕНИ РЕШЕНИјА – ЕВ (ЧЛЕНОВИ 382Б И Е НАРЕДБА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ)

**ВАЖНО! Полициската забрана за влез трае 2 недели. Ако сакате продолжување на заштитата во рок од овие две недели мора да поднесете барање за цивилно правно решение (ЕВ). Барање за привремено решение може да се поднесе и без претходен ангажман на полицијата. (Забелешка: овој пасос да се нагласи)**

### ВАЖНО Е ДА БИДЕТЕ СОВЕТУВАНИ ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ?

Интервенционите единици/Центри за заштита од насилство нудат, советувања, помагаат при поднесувањето на барањето и Ве следат како доверливо лице во судот. И женските куќите и институциите за советување на жени можат да Ве поддржат при поднесување на барањето.

### КАДЕ И КАКО МОЖЕ ДА СЕ ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ?

Барање за привремено решение мора да се поднесе во окружниот суд во Вашето место на живеење. Можете барањето да го поднесете писмено или по службен пат. Во итни случаи барањето може да биде прифатено и вон работно време.

### ВО КОИ СЛУЧАИ МОЖЕ ДА СЕ ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ?

Барање за привремено решение може да биде поднесено ако постои телесно насилство или закани со насилство и со тоа не е можен соживот или средба со лицето кое го извршува насилството. И при психичко насилство може да биде поднесено барање за привремено решение, ако со тоа значајно се наштетува на психичкото здравје.

### КОј ДОБИВА ЗАШТИТА СО ПРИВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ?

Сите лица, кои во Вашето место на живеење и/или во Вашето лично подрачје на живеење се соочуваат со насилство нпр. од страна на сопругот, од страна на животниот сопатник, бивш партнер, или поранешен пријател, татко или друго лице. Семеен однос со лицето кое извршува насилство не е предуслов.

## ЗАШТИТА НА ДЕЦА И МЛАДИ

Законите секако заштитуваат и деца и млади и тоа кога се директно злоупотребувани како и ако се индиректно погодени нпр. ако се сведоци на нсилство врз мајката (=психичко насилство). Во овој случај мајката како законски застапник може да поднесе барање за привремено решение. И младинската служба може да поднесе барање за привремено решение за заштита на децата, така што е обезбедено правото на жртвата да остане дома.

## ЗА КОИ ПОДРАЧјА МОЖЕ ДА СЕ ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА?

Заштитата ги опфаќа следниве подрачја:

### 1. Заштита во подрачје на станот (според член 382б од одредбата за извршување – ЕО)

Ако на подрачјето на вашиот стан се случи насилство од лице со кој живеете заедно (нпр. брачен партнер, животен сопстник, татко, состанар,. . .), кај окружниот суд можете да поднесете барање, лицето кое го предизвикува насилството да мора да го напушти станот / куќата и да не смее да се врати во околината на подрачјето на станот.

#### Дали сопственичките или изнајмувачките услови играат улога?

Не, овие оноси не играат улога за издавање на привремено решение, битно е насилството. Лицето кое извршува насилство може да биде одстрането иако е сопственик на станот.

#### Колку долго важи привременото решение за подрачје на станот?

Привременото решение за заштита од насилство во сопственото подрачје во станот може да биде издадено од судот за период до 6 месеци. Ако во рамките на овие 6 месеци се поднесе барање за развод или друга постапка, нпр. постапка за расчистување на правото на користење на станот, важи привременото решение до завршување на постапката.

### 2. Општа заштита од насилство (според член 382е од Одлуката за извршување – ЕО)

Истовремено со заштитата на подрачјето на станот, може да се поднесе барање да лицето кое предизвикува опасност не смее да се задржува на одредени места (нпр. на работно место, училиште, детска градина) и да му се забрани секаков контакт (личен, телефонски е-мајл . . .).

Привремено решение за заштита на одредени места и забрана на контакт можат да бидат побарани и независно од привременото решение за заштита на подрачјето на станот, и ако нема заеднички стан.

### Колку долго важи ова привремено решение?

Привременото решение за заштита од насилство на разни места може да биде издадено за 1 година. Ако насилството потоа сеуште продолжува, може да биде поднесено барање за продолжување.

## КАКО МОРА ДА БИДЕ ДОКАЖАНО НАСИЛСТВОТО?

За доказ на насилство (телесно насилство, закана со насилство и психичко насилство, кое значајно влијае на здравјето) мора да бидат приложени средства како уверенија во судот. Тука спаѓаат нпр. изјави на жртвите, известување на полицијата, изјава на сведоци, болнички наоди, лекарски уверенија, судски медицински наоди, известувања од психолози, терапевти и соработници на помошни организации, слики итн. Известувањата од полицијата директно се бараат од судот.

## КОЛКУ БРЗО ОДЛУЧУВА СУДОТ ПО БАРАЊЕТО?

Судот треба да одлучи што е можно побрзо за барање за привремено решение. Ако постои полициска заштита за влез истата важи 4 недели, ако во првите 2 недели е поднесено барање за привременото решение според член 382 б. Во рок од овие 4 недели судот треба да одлучи за да не настанат недостатоци во заштитата.

## ДАЛИ ЛИЦЕТО КОЕ ПРЕТСТАВУВА ОПАСНОСТ МОРА ДА БИДЕ СОСЛУШАНО ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ?

Не, привремено решение може да биде издадено и без сослушување на лицето кое предизвикува опасност, бидејќи се работи за привремена заштитна мерка. Во нормален случај судовите му даваат можност за сослушување на лицето кое предизвикало опасност.

**ВАЖНО! За да привременото решение биде веднаш делотворно и спроводливо, мора да поднесете барање да се спроведе мерката веднаш, да бидете информирани од моментот на извршувањето и полицијата да биде овластена за спроведување.**

## КАКО СЛЕДИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНОТО РЕШЕНИЕ?

Ако судот издаде привремено решение мора да бидете информирани Вие, како подносител на барањето за тоа кога одлуката ќе биде извршена. Ако привременото решение се состои во тоа, лицето кое предизвикува опасност да го напушти станот, можете да одлучите дали сакате при тоа да бидете таму или не. Извршувањето следи од страна на судски извршител. Во итни или опасни случаи судот може да бара од полицијата да ја спроведе одлуката, потоа следи судско протерување од станот од страна на полицијата.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА ПРИ ИЗВРШУВАЊЕТО?

Судскиот извршител односно полицијата ја предава одлуката на лицето кое предизвикува опасност и бара од него веднаш да го напушти станот. Мора да ги предаде сите клучеви од станот и истите се депонираат во судот.

Ако лицето кое предизвикува опасност веќе добило од полицијата налог да го напушти станот привременото решение му се доставува на адреса која ја дал на полицијата. Ако нема оставено адреса привременото решение со депонирањето во судот важи како доставено и важечко.

## ШТО СМЕЕ ДА СЕ ЗЕМЕ СО СЕБЕ?

Лицето кое предизвикало опасност има право да ги земе со себе односно да ги подигне неговите лични работи, но само следено од судски извршител или полиција. Во лични работи спаѓаат нпр. личните документи, сопствената облека и средствата за работа. Работи кои припаѓаат на домаќинството како и заштеда и вредносни предмети не смеат да бидат земени со себе. За поделбата на овие работи одлучува цивилниот суд во случај на спор.

## ШТО МОЖАМ ДА НАПРАВАМ АКО ЛИЦЕТО КОЕ ПРЕДИЗВИКУВА ОПАСНОСТ НЕ СЕ ПРИДРЖУВА ДО ПРИВРЕМЕНОТО РЕШЕНИЕ?

Во овој случај треба веднаш да ја известите полицијата. Таа треба да се погрижи за тоа, лицето кое предизвикува опасност да ги напушти местата на кои не смее да се задржува. При тоа полицијата може да настапи и со примена на сила.

Игнорирање на привременото решение е административен прекршок и се казнува со парична казна до € 500 а во случај на ненаплатеност со затворска казна и до две недели. По нејзината интервенција, полицијата мора да испрати извештај за прекршок на привременото решение до судот.

### ТРОШОЦИ, ПОМОШ ВО ПОСТАПКАТА, ПРЕВЕДЕУВАЊЕ

При недоволни приходи, од судот може да се побара помош во постапката. За барањето, кај судот постои формулар. Помошта во постапката може да опфаќа ослободување од судските трошоци, ставање на располагање адвокат или превземање на трошоците за преведувач (од судот треба да се бара во случај на насилство да постави жена). Од 1. Јуни 2009 жртвите покрај тоа имаат право на психосоцијално следење на процесот во цивилна постапка (види оддел „Следење на процесот“).

## ДЕЛА НА НАСИЛСТВО ВО ПРЕКРШОЧНИОТ ЗАКОНИК

Австрискиот прекршочен законик смета за казнени повеќе дејствија на насилство. Тука спаѓаат меѓу другото:

- телесна повреда и тешки телесни повреди (член 83 и 84 од прекршочниот законик-СтГБ)
- Намерно нанесување на тешки телесни повреди (член 87)
- Одземање на слобода (член 99)
- Трговија со луѓе (член 104а)
- Искористување и тешко искористување (член 105 и 106)
- Опасно заканување (член 107)
- Трајно следење (Сталкинг) (член 107а)
- Продолжено вршење на насилство (член 107б)
- Силување (член 201)
- Полово искористување (член 202)
- Тешка сексуална злоупотреба и сексуална злоупотреба на лица со посебни потреби (член 206 и 207)

Сите деликти на нсилство се таканаречени официјални деликти, што значи се поднесува тужба и се следат од државата се додека им се познати на надлежните служби (полиција, суд). Согласноста на жртвата не е потребна.

Со 1. Јуни 2009 во Австрија стапи во сила новото казнено дело „продолжено вршење на насилство“ (член 107б СтГБ). Повторено извршување на насилство против едно лице со тоа е казниво и се казнува посилно отколку поединечен случај на насилство.

## ЗАШТИТА ПРОТИВ СТАЛКИНГ

Сталкинг во Австрија се казнува од 1. Јули 2006 под поимот „Тенденциозно следење“ (член 107а СтГБ).

### ШТО СЕ ПОДРАЗБИРА ПОД СТАЛКИНГ?

Сталкинг постои кога едно лице тенденциозно следи друго лице против неговата волја за подолг временски период и со тоа се влијае неповолно на водењето на животот на тоа лице. Тука спаѓа нпр. повторувано следење, оптоварување со телефонски јавувања, по Е-маил или на друг начин. Казниво е и ако се вршат нарачки со примена на податоците на едно име или се контактира со жртвата со трети лица тоа.

### ШТО МОЖАМ ДА НАПРАВАМ ПРОТИВ СТАЛКИНГОТ?

Во секој случај треба да се обратите во полиција и да поднесете пријава. Во акутен случај на Сталкинг полицијата треба веднаш да биде повикана. Полицијата може да поднесе забрана за влез против сталкер (член 38а од безбедносниот полициски закон).

### ПРИВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ ПРОТИВ СТАЛКИНГ (СПОРЕД ЧЛЕН 382Г ОД ИЗВРШНАТА ОДРЕДБА)

За моментна заштита од Сталкинг можете да поднесете и барање за привремено решение. Барањето треба да се поднесе до окружниот суд во местото на живеење на жртвата. Може да биде поднесено барање за следниве мерки :

- Забрана за лично контактирање и следење
- Забрана за контактирање преку писма, телефон или на друг начин
- Забрана на престој на одредни места
- Забрана за предавање и објавување на лични податоци и фотографии
- Забрана на нарачка на стоки и услуги со примена на лични податоци на жртвата
- Забрана за ангажирање на трето лице за превземање контакти со жртвата

Привремено решение за Сталкинг може да биде извршено од полицијата, но мора да биде поднесено изречно барање за тоа. При непочитување на привременото решение треба веднаш да пријавите во полиција и да поднесете барање за казна кај судот (види под „извршување на привремено решение“ С.7).

## ПРАВА НА ЖРТВАТА

Жртви на канени дејствија имаат одредени права во казнената постапка кои се утврдени во одредбата за казнената постапка (СтПО 4. главен дел членови 65 – 73).
Тука спаѓа нпр. правото на

- Информација за постапката
- Информација за отпуштањето на лицето кое предизвикало опасност од истражен затвор
- Увид во актите
- Заштитничко сослушување и дејствување со респект
- Учество и соработка во постапката
- Материјална отштета и надомест за болки
- Следење на процесот (види дел „следење на процесот“).

Правото на заштитничко сослушување гарантира дека жртвата не мора да дава изјави во присуство на сторителот. Постои можност жртвата да биде испрашувана во посебна просторија и тоа да се пренесува преку видео во судската сала. Децата мора да бидат сослушувани на овој заштитнички начин и со вештак. Лица на кои им е повреден половиот интегритет исто така имаат право на заштитничко сослушување. И сите други жртви на насилство можат да поднесат барање за овој вид на сослушување. За да се поштедат жртвите од често многу оптоварувачка изјава, на главната расправа може да биде поднесено и барање сослушувањето да се изврши предходно (контрадикторно сослушување).

Од 1. Јуни 2009 жртвите под одредени околности имаат право на заштитничко сослушување. Понатаму имаат право на чување во тајност на нивната адреса на станот, од лицето кое предизвикува опасност.

### ПРАВО НА СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА (СПОРЕД ЧЛЕН 66 ОД ОДРЕДБАТА ЗА КАЗНЕНА ПОСТАПКА И ЧЛЕН 73Б ОДРЕДБА ЗА ЦИВИЛНА ПОСТАПКА)

Жртвите на насисилство за зачувување на нивните права имаат право на бесплатно психосоцијално и правно водење на процесот во правната постапка.

### КАКО МОЖЕ ОВА ПРАВО НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ДА СЕ ИСКОРИСТИ?

Одобрувањето следи брзо и небирократски: Сојузното министерство за правда во сите сојузни покраини овласти институции за заштита на жртви, да спроведуваат процесно следење. Како оштетено лице можете да се обратите на една од овие институции и да добиете следење во процесот.

Интервенционите единици и центри за заштита од насилство нудат процесно следење во сите сојузни покраини (адреси види страна 12).

### ШТО ОПФАЌА СЛЕДЕЊЕТО НА ПРОЦЕСОТ?

Психосоцијалното следење на процесот опфаќа нпр. следење до полиција, за да се поднесе пријава, информација за подготвување за казнената постапка, за следење до сослушувањето и до главната расправа.

Правното следење на процесот го опфаќа законското застапување во казнената постапка од страна на адвокат за зачувување на Вашите права и барањата на жртвата.

Од 1. Јуни 2009 можат жртвите, кои добиле психосоцијално следење во процесот во казнената постапка, да имаат право на тоа и во цивилната постапка; предуслов е, постапката да е во материјална врска со казнената постапка (нпр. постапка за развод на брак, постапка за одобрување на привремено решение, постапка за згрижување при привремено згрижување). Во цивилната постапка нема право на бесплатно правно следење на процесот. Во рамките на помош во постапката сепак може да се поднесе барање за ставање на располагање на адвокат.

## ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОМОШ ВО АВСТРИЈА

**ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ НА ЖЕНИ 0800/222 555**
**бесплатно и 24 часа дневно**

### ЦЕНТРИ ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО / ИНТЕРVЕНЦИОНИ ЕДИНИЦИ ПРОТИV НАСИЛСТВО

| | |
|---|---|
| БУРГЕНЛАНД | 03352/314 20 |
| КЕРНТЕН | 0463/590 290 |
| НО/Ст.Полтен | 02742/319 66 |
| НО/Вр. Нојштад | 02622/243 00 |
| НО/Цветл | 02822/530 03 |
| НО/Амштетен | 02742/ 31 966 |
| ВИША АВСТРИЈА | 0732/607 760 |
| САЛЗБУРГ | 0662/870 100 |
| ШТАЕРСКА | 0316/774 199 |
| ТИРОЛ | 0512/571 313 |
| ФОРАРЛБЕРГ | 0517/55 535 |
| ВИЕНА | 01/585 32 88 |

### ИНТЕРВЕНЦИОНИ ЕДИНИЦИ ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЖЕНИ

| | |
|---|---|
| ЛЕФО-ИБФ | 01/796 92 98 |

### ЖЕНСКИ КУЌИ

| | |
|---|---|
| АМШТЕТЕН | 07472/665 00 |
| БУРГЕНЛАНД | 02682/612 80 |
| ДОРНБИРН | 0517/55 577 |
| ГРАЦ | 0316/42 99 00 |
| ХАЛАЈН | 06245/80 261 |
| ИНСБРУК | 0512/580 977 |
| ИНФИРТЕЛ | 07752/717 33 |
| КАПФЕНБЕРГ | 03862/279 99 |
| КЛАГЕНФУРТ | 0463/449 66 |
| КУФШТАЈН | 05372/ 636 16 |

## ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОМОШ ВО АВСТРИЈА

### ЖЕНСКИ КУЌИ

| | |
|---|---|
| ЛИЕНЦ | 04852/ 671 93 |
| ЛИНЦ | 0732/ 606 700 12 |
| ЛАВАНТАЛ | 04352/369 29 |
| МИСТЕЛБАХ | 02572/50 88 |
| МОДЛИНГ | 02236/ 465 49 |
| НОЈНКИРХЕН | 02635/689 71 |
| ПИНЦГАУ | 0664/500 68 68 |
| САЛЦБУРГ | 0662/458 458 |
| ШПИТАЛ / ДРАУ | 047 62/61 386 |
| ШТАЕР | 07252/877 00 |
| СТ. ПОЛТЕН | 02742/366 514 |
| ТИРОЛ | 0512/342 112 |
| ВИЛАХ | 04242/31 0 31 |
| ФОКЛАБРУК | 07672/22 7 22 |
| ВЕЛС | 07242/678 51 |
| ВИЕНА женска куќа-итен број | 05 77 22 |
| ВР. НОЈШТАД | 02622/88066 |

### МЕСТА ЗА СОВЕТУВАЊА СО ТЕЖИШТЕ НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО

| | |
|---|---|
| КАПФЕНБЕРГ | 03862/279 99 |
| СТ. ПОЛТЕН | 02742/366 514 |
| ФОКЛАБРУК | 07672/227 22 |
| ВЕЛС | 07242/452 93 |
| ВИЕНА | 01/512 38 39 |
| ВР. НОЈШТАД | 02622/825 96 |

## Импресум

Виенска единица за интервенции против насилство во семејството
1070 Виена, Нојбаугасе 1/3, Тел.: 01/585 32 88, Факс: 01/585 32 88-20,
office@interventionsstelle-wien.aт www.interventionsstelle-wien.at

Здружение Автономни Австриски женски куќи,
Информациона единица против насилства, 1050 Виена, Бахерплац 10/4,
Тел.: 01/544 08 20, Факс: 01/544 08 20-24, informationsstelle@aoef.at www.aoef.at

ТЕКСТ: Роза Логар; УРЕДУВАЊЕ: Леокадиа Румп и Владо Калајџиќ;
ПЕЧАТ: Бергер 3580 Хорн
Gefördert aus Mitteln des BM für Gesundheit und Frauen, des BM für Inneres und des BM für Justiz

5. Auflage: März 2017

**ВНИМАНИЕ! Внимавајте на Вашата безбедност**

Забраната за влез и привременото решение нудат заштита и им даваат можност на жртвите да останат во околината во која живеат. Овие мерки сепак не се стопроцентна заштита од насилство. Во опасни ситуации се советува да се напушти станот заедно со децата и да се побара безбедно сместување (нпр. женска куќа) иако лицето кое предизвикува опасност е одстрането.

Во времиња на разводи на брак зголемена е опасноста од насилство. Понатамошни фактори, кои влијаат на зголемување на опасноста од сторителот се: повторно извршување на насилство, поседување на оружје, опасни закани, злоупотреба на алкохол и дрога, болна љубомора и посесивност, стриктни размислувања за чесност, општа подготвеност за насилство, невработеност, извршување на насилство и врз децата, посебно врз деца од ваш предходен брак.

БИТНО е понатаму, многу да внимавате на Вашата безбедност посебно ако планирате разделба. Во секој случај треба да прифатите професионална помош и да формирате заштитна мрежа (Адреси на иституции за помош види на страна 12).

**ТЕЛЕФОН ЗА ПОМОШ НА ЖЕНИ 0800 / 222 555**
**БЕСПЛАТНО И 24 ЧАСА**

**ПОЛИЦИСКИ ИТЕН БРОЈ 133 или 112**